**Д О Г О В О Р бр. ______**

за приклучок за користење на IPTV телевизија

Склучен на ден ____________2019, во __________помеѓу:

1. Услужно трговско производно друштво НАФИ И БЕКО ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар ул.Гоце Делчев бр.47 Гостивар ( во понатамошниот текст: Оператор), од една страна и

2. ________________________________________ЕМБ___________________________

ул.______________________________________ бр__________ тел ______________

во понатамошен текст (Претплатник) од друга страна

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1

Претплатничкиот договор се склучува во пишана форма со примена на одредбите од Законот за заштита на лични податоци, Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис и Законот за заштита на потрошувачите.

Како составен дел на претплатничкиот договор се сметаат и електронски записи од евиденцијата на Операторот (во понатамошен текст Оператор ), за извршено активирање и деактивирање на електронски комуникациски услуги по електронски пат ( СМС порака, повикување на телефонски број,веб страна,електронска пошта и друго ).

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на договорените страни кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор согласно овој Договор и прилозите кон него, Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15 , 11/2018 и 98/19 во понатамошниот текст: ЗЕК) и Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат Операторот и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 16/2015 и 179/2017 ).

Претплатничкиот договор треба да биде во јасна, сеопфатна и лесно достапна форма и треба особено да содржи податоци и информации согласно член 107 став 1 од Законот за електронските комуникации вклучително и согласност за добивање на информации за цели на директен маркетинг.

Претплатнички Договор се склучува врз основа на претходно поднесено Барање за склучување на претплатнички Договор од страна на претплатникот и одобрено од страна на Операторот.

Барањето за склучување на претплатнички договор е пропишано од страна на Операторот и истото е составен дел од претплатничкиот Договор.Претплатничкиот однос се смета за заснован од денот на склучување на претплатничкиот договор. Приклучувањето на корисникот кон IPTV се врши од страна на стручни лица на Операторот и тоа во рок од 24 часа по потпишување на договорот.

Претплатничкиот договор се склучува во пишана форма со примена на одредбите од Законот за заштита на лични податоци, Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис и Законот за заштита на потрошувачите.

## ЦЕЛ НА ДОГОВОР

Член 2

Цел на Договорот е користење на телевизиски програми преку IPTV во станот/просториите на претплатникот за следење на дистрибутивните телевизиски канали за што претплатникот плаќа надомест определен со овој Договор во износ од ________ денари.

Со склучување на овој Договор, претплатникот добива право за користење на дополнителни услуги кои ги нуди Операторот во согласност со тарифниот модел кој го избрал претплатникот за кои истиот плаќа и соодветен надоместок согласно тековниот ценовник на Операторот.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ

Член 3

Операторот се обврзува да изврши приклучување на претплатникот кон IPTV со што ќе му овозможи (односно нема да му пречи) квалитетен прием на телевизиски програмите кои се пренесуваат преку истата непрекинато 24 часа.

Операторот се обврзува да реемитува минимално 30 различни телевизиски канали.

Програмската листа која е во понуда е составена врз основа на договори склучени со имателите на права и одобренијата добиени од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Истата е објавена на инфо каналот на Операторот.

Операторот може да одбие барање за склучување на претплатнички договор во следните случаи:

- доколку барателот има неподмирен долг спрема Операторот во врска со електронските комуникациски услуги;
- доколку утврди дека барателот не поседува платежна способност;
- доколку барателот не ги достави сите потребни документи и
- доколку постојат ограничувања кои се во врска со капацитетот и техничките можности на Операторот.

Операторот се обврзува да му овозможи на претплатникот преселување на претплатнички приклучок на друга адреса притоа претплатникот со писмено барање до Операторот побарува преселување на претплатнички приклучок на друга адреса. Доколку е технички можно Операторот во рок од 5 дена ќе го изврши преселувањето. Доколку преселувањето технички не е можно, Операторот во рок од 3 дена ќе го извести за тоа претплатникот и ќе му овозможи претплатничкиот договор да го раскине согласно условите во договорот или пак да го отстапи на друго лице. согласно условите во договорот. За преселување на приклучокот, претплатникот плаќа трошоци за инсталирање во износ од ______ денари.

Операторот го задржува правото да го одбие барањето за преселување доколку преплатникот има неподмирен долг кон него.

Операторот се обврзува да му овозможи на претплатникот мирување на претплатничкиот договор најмногу еднаш во календарска година во траење не подолго од три месеци, при што претплатничките договори што се склучени на определено задолжително времетраење се продолжуваат за време колку што претплатничкиот договор бил во мирување.

Операторот треба да го следи вообичаеното однесување на претплатникот при користењето на неговите услуги и истиот бесплатно да го извести, доколку утврди било какво невообичаено и ненадејно зголемување на износот за користење на одделни услуги, што може да укажува на злоупотреба или неовластено користење. Невообичаено и ненадејно зголемување на износот на користење на одделни услуги се смета доколку износот надмине најмалку два пати поголем износ од просечниот износ што претплатникот го платил во последните три месеци за постојните, односно два пати поголем износ од претплатата во последниот месец за нови претплатници.

Член 4

Приклучувањето на претплатникот кон IPTV се врши од страна на стручни лица на Операторот и тоа во рок од 24 часа по потпишувањето на Договорот.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

Член 5

Претплатникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап (на лица овластени од Операторот кои претходно ќе се легитимираат) во своите простории/станот во кои ќе се изврши монтажа, преглед или мерење на IPTV.

Согласно одредбите од овој Договор, Претплатникот има право да ги користи електронските комуникациски услуги, предмет на претплатничкиот договор, во рок, начин, цени и квалитет во согласност со одредбите од склучениот претплатнички договор, Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз негова основа .

Со склучувањето на претплатничкиот договор, претплатникот ги користи основните услуги што ги обезбедува Операторот согласно тарифниот модел кој го избрал. Претплатникот може да бара промена на тарифниот модел, доколку ги исполнува условите за користење на тарифниот модел определен од Операторот.

Операторот на претплатникот му доставува бесплатно информација за искористеноста на одредени поволности за во врска со дополнителните пакети.

Активирањето и деактивирањето на основните и дополнителните услуги од страна на Операторот, а по барање на претплатникот, се врши на еден од следните начини, во зависност од видот на услугата:
- со потпишување на соодветен формулар во пишана форма (барање, анекс кон договор);
- со повикување на соодветен телефонски број за таа намена (аудио запис);
- со испраќање на СМС порака на соодветен телефонски број за таа намена;
-преку посебна веб страница на Операторот наменета за активирање и деактивирање на услуги самостојно од страна на корисникот кој претходно побарал пристап до таа веб страна или на друг начин достапен на претплатникот, пропишан во општите услови на Операторот.

Претплатникот може користењето на одредени основни и дополнителни услуги кои му се достапни со одбирањето на тарифниот модел кој ќе го користи, да ги откаже на свое барање во согласност со карактерот на избраниот пакет.

Операторот има обврска да обезбеди доказ за активирање/деактивирање на основни и дополнителни услуги од страна на претплатникот.

Надоместокот за користење на дополнителните услуги кои што не се бесплатни ќе биде фактуриран и вклучен во редовната месечна фактура од страна на Операторот.

На претплатникот ќе му биде овозможено да ги користи електронските комуникациски услуги, предмет на претплатничкиот договор, во рок, начин, цени и квалитет во согласност со одредбите од склучениот претплатнички договор, Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз негова основа.

Претплатникот има право да добие бесплатно детална сметка во согласност со членот 14 од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавни комуникациски услуги.

Операторот се обврзува да му овозможи на претплатникот пренос на правото од претплатничкиот договор на друг претплатник што ги исполнува условите.

Член 6

Претплатникот може да пријави дефект на операторот (на бројот за грижа на корисници ____________ и лично во просториите на операторот или по пошта).

Член 7

Претплатникот се обврзува дека приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на IPTV. Во случај тоа да го стори ќе биде трајно исклучен од IPTV.

Член 8

Доколку дојде до промена на сопственоста на станот, Претплатникот е должен веднаш да го извести Операторот за настанатата промена.

Во таков случај:

-претплатникот е должен да ги подмири своите обврски кон Операторот;

-доколку новиот сопственик на станот сака да ги користи услугите на Операторот, се склучува нов Договор.

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Член 9

Операторот бесплатно врши приклучување на претплатникот на IPTV.

Операторот се обврзува дека на корисникот ќе му достави сметка за користење на услугите секој месец до 25 во месецот за тековниот месец.

Операторот се обврзува да му овозможи на корисникот авансно плаќање за период од 12 месеци доколу тоа биде побарано од самиот корисник.

Претплатникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го уплаќа редовно од 1-ви до 15-ти за претходниот месец на име месечна такса и тоа преку мобилни фискални апарати без провизија.

Операторот на своите претплатници им издава фактура во пишана форма. Фактурата треба да биде јасна, читлива и лесно разбирлива и истата, покрај висината на надоместоците, на поединечна основа и вкупен износ за наплата, треба особено да содржи и:

- Датум на издавање на фактурата;
- Рок на плаќање на фактурата,
- Достапни начини на плаќање на фактурата,
- Информација за контакт со службата за грижа за корисници на операторот.
- Износ на неподмирен долг кон Операторот.

Член 10

Доколку Претплатникот не го уплати месечниот надоместок во рокот утврден во член 13 на овој Договор, Операторот е должен да го предупреди корисникот, прво што ќе определи рок од 10 дена во кој е должен да го уплати долгот. Во спротивно, ќе биде исклучен. За повторно вклучување кон IPTV потребно е Претплатникот да го уплати износот на заостанатиот долг, без казна и трошоци за повторен приклучок.

**ФОРМА И НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ОПЕРАТОР И ПРЕТПЛАТНИК**

Член 11

Комуникацијата помеѓу операторот и претплатникот (известување, фактура, друг вид на комуникација) се одвива во пишана форма.

Операторот комуницира со претплатникот или со лице кое има полномошно издадено од претплатникот, доколку претплатникот е физичко лице, со законскиот застапник на претплатникот или со лице вработено кај претплатникот кое за таа цел е овластено со печат и потпис од одговорното лице на претплатникот, доколку претплатникот е правно лице, во продажните салони на операторот или овластените правни лица од операторот.

Пишаната форма, може да биде доставена на еден од следниве начини:

- со предавање од страна на оператор/ претплатник лично и
- по пошта.

Доставувањето на писменото може да се врши и во електронска форма доколку има согласност од претплатникот.

Претплатникот **се согласува,** емаил адреса ________________________**/не се согласува** (да се заокружи при потпишување на договорот) за достава на писменото во електронска форма.

## ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВА

Член 12

Операторот ќе ги врати паричните средства на претплатниците во следните случаи:

- во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги, Операторот врши враќање на паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги за износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедувана, доколку

прекинот трае подолго од три часа. Пресметаниот износ, за целото времетраење на ограничувањата или прекините ќе биде одбиен во наредната фактура на сите претплатници кај кои постоело ограничување или прекин, без тоа да биде побарано од страна на претплатниците за IPTV.

- во други случаи на основан приговор и/или усвоено барање за решавање на спор поднесено од страна на претплатникот за утврдена неточна обработка на податоци што доведува до зголемување на износот за користени комуникациски услуги, доколку ги има намирено своите долгови, во висина на погрешното задолжување со вкалкулирана законска казнена камата,

- во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга не по вина на претплатникот, или во случај кога претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, Операторот ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата, надоместокот за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот.

## ПРОМЕНА НА УСЛОВИТЕ НА ПРЕТПЛАТНИЧКИОТ ДОГОВОР

Член 13

- Операторот може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот Договор по претходно известување на корисникот.
- Операторот треба да го извести претплатникот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор, како и правото на претплатникот дека во истиот период, без последици да може да го раскине договорот, доколку не се согласува со предложените измени.
- Доколку Операторот не постапи согласно со став 2 од овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорните обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Член 14

Овој договор се склучува во времетраење од ☐12 месеци; ☐24 месеци ; ☐ неопределено

Операторот се обврзува во рок не пократок од 30 дена пред истекот на договореното времетраење од договорот писмено да го извести претплатникот дека истиот му истекува.

Писменото известување ги содржи:

- Име или назив на претплатникот;
- Адреса на претплатникот;
- Претплатнички број;
- Број на претплатничкиот договор и
- Информација за денот кога претплатничкиот договор престанува да важи.

Член 15

**Раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник**

Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено писмено барање до Операторот за раскинување на претплатнички договор.

Барањето од ставот (1) на овој член се доставува до операторот во пишана форма на еден од следниве начините:

- со предавање лично од претплатникот во официјални продажни места на операторот и
од страна на операторот лично на претплатникот;
- по пошта со препорачана пратка;